**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 41-12935/3
Скопје, 12 декември 2023 година

**До**
**Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, што го утврди на седницата, одржана на 12 декември 2023 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и Славица Костовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика

**Претседател на Владата на**
**Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Далибор Станојковски, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата

ПРЕДЛАГАЧ:
Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и

м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика

ПОВЕРЕНИЦИ:
Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и

Славица Костовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика

Предлог на закон за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата

Скопје, декември 2023 година

PROPOZUES:
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

PËRFAQËSUES:
Mr. Jovana Trençevska, ministre e Punës dhe Politikës Sociale

mr. Enver Husejin, zëvendësministër i Punës dhe Politikës Sociale

TË BESUAR:
Lençe Kocevska, sekretare shtetërore në Ministrinë e Punës dhe Politikës Sociale dhe

Sllavica Kostovska, udhëheqëse sektori në Ministrinë e Punës dhe Politikës Sociale

Propozim - ligji për Lirim nga Pagesa e Pjesës nga Kontributet e Sigurimit të Detyrueshëm Social për Shkak të Rritjes së Pagës

Shkup, dhjetor 2023

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ.

Владата на Република Северна Македонија спроведува континурано се грижи за подобрување на животниот стандард на своите граѓани.

Со цел да се стимулира зголемување на платите на вработените, како и намалување на трошоците за работната сила на работодавачите, се наметна потребата од законско регулирање на мерка за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување. Преку законското решение, работодавачите се стимулираат да ја зголемуваат нето платата без да имаат обврска да ги исплатат придонесите за исплатеното зголемување на платата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлогот на закон е поттикнување на работодавачите да исплаќаат плата во повисок износ, намалување на даночната евазија и неформалната економија, а со цел подобрување на економскиот стандард на вработените и поттикнување на економскиот развој на Република Северна Македонија.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон нема да предизвика последици по Буџетот на Република Северна Македонија

HYRJE

I. VLERËSIMI I GJENDJES NË SFERËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME LIGJIN DHE SHKAQET PËR MIRATIMIN E LIGJIT

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut vazhdimisht përkujdeset për përmirësimin e standardit të jetesës së qytetarëve të saj.

Për të nxitur rritjen e rrogave të punonjësve, si dhe për të ulur kostot e fuqisë punëtore të punëdhënësve, lindi nevoja për rregullimin ligjor të një mase për lirim nga pagesa e një pjese të kontributeve nga sigurimi i detyrueshëm social. Nëpërmjet zgjidhjes ligjore, punëdhënësit stimulohen të rrisin rrogën neto pa pasur detyrimin për të paguar kontributet për rritjen e pagës së rrogës.

II. QËLLIMET, PARIMET DHE ZGJIDHJET THEMELORE

Qëllimi i Propozim-ligj është inkurajimi i punëdhënësve që të paguajnë rrogë më të lartë, reduktimin e evazionit tatimor dhe ekonomisë joformale, me qëllim të përmirësimit të standardit ekonomik të punëtorëve dhe nxitjes së zhvillimit ekonomik të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

III. VLERËSIMI I PASOJAVE FINANCIARE NGA PROPOZIM-LIGJI MBI BUXHETIN DHE MJETET TJERA FINANCIARE PUBLIKE

Propozim-ligji nuk do të shkaktojë pasoja për Buxhetin e Republikës së Maqedonisë së Veriut

IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон, нема да бидат потребни финансиски од Буџетот на Република Северна Македонија

IV. VLERËSIMI I MJETEVE FINANCIARE TË NEVOJSHME PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRA DHE SIGURIMI I TYRE, TË DHËNA RRETH FAKTIT NËSE ZBATIMI I LIGJIT TËRHEQ OBLIGIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË CAKTUARA

Për të përfunduar këtë ligj, nuk duhet të kërkohet financim nga Buxheti i Republikës së Veriut të Maqedonisë.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТА

Член 1

Со овој закон се уредува висината и условите за ослободувањето од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување по основ на зголемување на платата (во натамошниот текст: ослободување на дел од придонеси).

Член 2

Целта на овој закон е поттикнување на работодавачите да исплаќаат плата во повисок износ, намалување на даночната евазија и неформалната економија, а со цел подобрување на економскиот стандард на вработените и поттикнување на економскиот развој на Република Северна Македонија.

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „Обврзник за пресметка и уплата на придонесите“ е работодавач и самовработено лице согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст: обврзник);

2) „Осигуреник“ е физичко лице задолжително осигурено според законите кои го уредуваат системот на задолжително социјално осигурување;

3) „Прв месец на ослободување“ е месецот кога обврзникот прв пат остварил ослободување на дел од придонесите за определен осигуреник согласно овој закон;

PROPOZIM - LIGJI PËR LIRIM NGA PAGESA E PJESËS NGA KONTRIBUTET E SIGURIMIT TË DETYRUESHËM SOCIAL PËR SHKAK TË RRITJES SË PAGËS

Neni 1

Ky ligj rregullon masën dhe kushtet për lirim nga pagesa e një pjese të kontributeve nga sigurimi i detyrueshëm social mbi bazën e rritjes së rrogës (në tekstin e mëtejmë: lirimi i një pjese të kontributeve).

Neni 2

Qëllimi i këtij ligji është inkurajimi i punëdhënësve që të paguajnë rroga më të larta, zvogëlimi i evazionit tatimor dhe ekonomisë joformale, me qëllim të përmirësimit të standardit ekonomik të punëtorëve dhe nxitjes së zhvillimit ekonomik të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Neni 3

Shprehje të caktuara të përdorura në këtë ligj kanë këtë kuptim:

1) “Obligues për përllogaritjen dhe pagesën e kontributeve” është punëdhënësi dhe personi i vetëpunësuar në përputhje me Ligjin për kontributet nga sigurimi i detyrueshëm social (në tekstin e mëtejmë: obligues);

2) "I siguruar" është personi fizik i siguruar në mënyrë të detyrueshme sipas ligjeve që e rregullojnë sistemin e sigurimit të detyrueshëm social;

3) “Muaji i parë i lirimit” është muaji kur obliguesi për herë të parë ushtron lirimin nga një pjesë e kontributeve për një të siguruar të caktuar, në përputhje me këtë ligj;

4) „Референтен период“ се три последователни месеци односно август, септември и октомври 2023 година, во кои осигуреникот нема отсуство од работа поради привремена спреченост од работа, без оглед на остварениот број на часови на работа во референтниот период што осигуреникот ги поминал на работа кај тој обврзник;

4) "Periudha referuese" janë tre muaj radhazi, respektivisht gusht, shtator dhe tetor të vitit 2023, në të cilat i siguruari nuk ka mungesë në punë për shkak të paaftësisë së përkohshme për punë, pavarësisht nga numri i orëve të punës në periudhën referuese që i siguruari i ka kaluar në punë tek ai i obligues;

5) „Референтна основна плата“ е просечната месечна нето-плата, која обврзникот ја исплатил за референтниот период, утврдена на денот кога обврзникот прв пат остварува ослободување на дел од придонесите. Во референтната основна плата не се вклучени исплатените надоместоци на плата;

5) "Rroga referuese bazë" është rroga mesatare mujore neto, të cilën obliguesi e ka paguar për periudhën referuese, e përcaktuar në ditën kur obliguesi realizon për herë të parë lirimin e një pjese të kontributeve. Në rrogën referuese bazë nuk përfshin shtesat e rrogave të paguara;

6) „Придонеси од задолжително социјално осигурување“ се придонесите за пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата, задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, здравствено осигурување, стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење, и осигурување во случај на невработеност;

6) "Kontribute nga sigurimi i detyrueshëm social " janë kontributet për sigurimin pensional dhe invalidor në bazë të pagesës aktuale, sigurimit të detyrueshëm pensional me financim kapital, sigurimi shëndetësor, stazhi i sigurimit që konsiderohet me kohëzgjatje të shtuar dhe sigurimi në rast të papunësisë;

7) „Зголемување на плата“ е разликата меѓу пресметаната нето-плата за месецот за кој се побарува ослободување на дел од придонесите и референтната основна плата исплатена од обврзникот во референтниот период.

7) “Rritja e rrogës” është diferenca ndërmjet pagës neto të përllogaritur për muajin për të cilin kërkohet lirimi nga një pjesë e kontributeve dhe rrogës referuese bazë, të paguar nga i obliguesi në periudhën referuese.

8) „Ослободување на дел од придонеси“ е ослободување од уплата на дел од придонеси од задолжително социјално осигурување кое осигуреникот како обврзник за плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување го пресметува на разликата од зголемувањето на платата утврдено во точка 7) на овој член.

8) "Lirimi i një pjese të kontributeve" është lirimi nga pagesa e një pjese të kontributeve nga sigurimi i detyrueshëm social, të cilën i siguruari, si i obliguar për pagesën e kontributeve nga sigurimi i detyrueshëm social e përllogarit mbi diferencën nga rritja e rrogës, e përcaktuar në pikën 7) të këtij neni.

Член 4

Neni 4

(1) Ослободување на дел од придонеси може да користи обврзникот кој:

(1) Lirimin e një pjese të kontributeve mund ta shfrytëzojë obliguesi i cili:

− има статус на активен обврзник за пресметка и уплата на придонеси, односно не е

- ka statusin e obliguesit aktiv për përllogaritjen dhe pagesën e kontributeve, respektivisht nuk

во постапка на стечај или ликвидација или постапка на бришење согласно Законот за трговските друштва и

– нема доспеани обврски по основ на бруто-плата до денот на побарување на ослободување на дел од придонесите.

(2) Ослободување на дел од придонеси може да користи обврзник за осигуреник кој бил во задолжително социјално осигурување кај тој обврзник во сите месеци од референтниот период.

(3) Ослободување на дел од придонеси може да користи обврзник за осигуреник за кој има зголемување на плата како разлика меѓу пресметаната нето-плата за месецот за кој се побарува ослободување на дел од придонеси и референтната основна плата исплатена од обврзникот во референтниот период.

(4) Ослободување на дел од придонеси може да користи обврзник за осигуреник со исплатена нето-плата до ниво на просечна месечна плата на национално ниво споредена со исплатена нето-плата за три последователни месеци кои претходат на месецот за кој обврзникот прв пат добива ослободување на дел од придонесите за определен осигуреник.

(5) Ослободување на дел од придонеси може да користи само обврзник за осигуреник кој врши дејности во угостителство, текстилна индустрија и градежништво, наведени во Националната класификација на дејности.

Член 5

Ослободување на дел од придонеси не може да оствари:

- орган на државна и на локална власт и други државни органи основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, институција која врши дејност од областа на образованието, науката, здравството,

është në proces falimentimi ose likuidimi ose në procedurë fshirjeje në përputhje me Ligjin për shoqëritë tregtare dhe

- nuk ka detyrime të papaguara mbi bazën e rrogë-bruto deri në datën e kërkesës për lirimin e një pjese të kontributeve.

(2) Lirim nga një pjesë të kontributeve mund ta shfrytëzojë obliguesi për personin e siguruar i cili ka qenë në sigurim të detyrueshëm social tek ai obligues në të gjithë muajt e periudhës referuese.

(3) Lirim nga një pjesë të kontributeve mund ta shfrytëzojë obliguesi për personin e siguruar për të cilin ka rritje të rrogës si diferencë ndërmjet rrogës-neto të përllogaritur për muajin për të cilin kërkohet lirimi i një pjese të kontributeve dhe rrogës referente bazë të paguar nga obliguesi në periudhën referuese.

(4) Lirim nga një pjesë të kontributeve mund ta shfrytëzojë obliguesi për të siguruar me rrogë të paguar neto deri në nivelin e rrogës mesatare mujore në nivel nacional krahasuar me rrogën neto të paguar për tre muaj rresht para muajit për të cilin obliguesi për herë të parë fiton lirim të një pjese të kontributeve për një të siguruar të caktuar.

(5) Lirim nga një pjesë të kontributeve mund ta shfrytëzojë vetëm obliguesi për të siguruar i cili ushtron veprimtari në hotelieri, industri tekstile dhe ndërtimtari, të nënvizuara në Klasifikimin Nacional të Veprimtarive.

Neni 5

Lirim nga një pjesë e kontributeve nuk mund të realizojë:

- organ i pushtetit shtetëror dhe lokal dhe organe të tjera shtetërore të themeluara në pajtim me Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe me ligj, institucion që ushtron veprimtari në fushën e arsimit, shkencës, shëndetësisë, kulturës, punës, mbrojtjes sociale dhe mbrojtja e

културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи, јавни претпријатија и трговски друштва основани од Република Северна Македонија, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје,

- приватна агенција за вработување за осигуреник кој е отстапен кај работодавач од алинејата 1 на овој член,

- обврзник кој за осигуреникот користи ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или данок на личен доход согласно закон или друг основ, за период додека ја користи мерката, односно ослободувањето,

- обврзник кој за осигуреникот за кој побарува ослободување на дел од придонеси му е доделена финансиска поддршка за нови вработувања согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции.

fëmijëve, sporti, si dhe në veprimtari të tjera me interes publik të themeluara me ligj dhe të organizuara si agjenci, fonde, institucione publike, ndërmarrje publike dhe shoqëri tregtare të themeluara nga Republika e Maqedonisë së Veriut, komunat, qyteti i Shkupit dhe komunat në qytetin e Shkupit,

- agjenci private punësimi për personin e siguruar që është caktuar te punëdhënësi nga alineja 1 e këtij neni;

- obligues i cili për të siguruarin shfrytëzon lirim nga pagesa e kontributeve nga sigurimi i detyrueshëm social dhe/ose tatimi mbi të ardhurat personale në përputhje me ligjin ose një bazë tjetër, për një periudhën derisa është duke e shfrytëzuar masën, respektivisht lirimin.

- obligues për të siguruar për të cilin kërkon lirimin e një pjese të kontributeve i është dhënë mbështetje financiare për punësime të reja në pajtim me Ligjin për mbështetjen financiare të investimeve.

Член 6

(1) Обврзникот не е должен да уплатува дел од придонесите од задолжително социјално осигурување за износот и периодот за кој е одобрено ослободување на дел од придонеси.

(2) Највисокиот износ за кој се одобрува ослободување на дел од придонеси е зголемување на бруто-платата, поради кое нето-платата се зголемува до 9.000 денари месечно по осигуреник.

(3) Најнискиот износ за кој се одобрува ослободување на дел од придонеси е зголемување на бруто-платата, поради кое нето-платата се зголемува над 3.000 денари месечно по осигуреник.

(4) Ослободувањето во ставот (2) и (3) на овој член, не се однесува за зголемувањето на бруто-плата, за делот поради кое нето-платата се зголемува до 3.000 денари и делот поради кое

Neni 6

(1) Obliguesi nuk është i detyruar të paguajë një pjesë të kontributeve nga sigurimi i detyrueshëm social për shumën dhe periudhën për të cilën është miratuar lirimi i një pjese të kontributeve.

(2) Shuma më e lartë për të cilën miratohet lirimi i një pjese të kontributeve është rritja e rrogës bruto, për shkak të së cilës rroga neto rritet deri në 9.000 denarë në muaj për person të siguruar.

(3) Shuma më e ulët për të cilën miratohet lirimi i një pjese të kontributeve është rritja e pagës bruto, për shkak të së cilës rroga neto rritet mbi 3.000 denarë në muaj për person të siguruar.

(4) Lirimi nga paragrafi (2) dhe (3) i këtij neni nuk i referohet rritjes së rrogës bruto, për pjesën për të cilën rritet rroga neto deri në 3.000 denarë dhe për pjesën për të cilën rroga neto rritet mbi 9.000 denarë.

нето-платата се зголемува над 9.000 денари.

Член 7

(1) Обврзникот во Месечната пресметка за интегрирана наплата, што ја поднесува до Управата за јавни приходи, за осигуреникот за кој бара ослободување на дел од придонесите внесува ознака објавена од страна на Управата за јавни приходи.

(2) Управата за јавни приходи за обврзникот кој побарува ослободување на дел од придонесите за осигуреникот, ја проверува исполнетоста на условите од членовите 4, 5 и 6 од овој закон.

(3) Доколку се исполнети условите од членовите 4, 5 и 6 од овој закон, Управата за јавни приходи, го намалува износот од обврската за социјалните придонеси за износот на одобреното ослободување на дел од придонесите.

(4) Доколку не се исполнети условите од членовите 4, 5 и 6 од овој закон, Управата за јавни приходи не одобрува ослободување на дел од придонесите и го известува обврзникот за причината поради која не е одобрено ослободување на дел од придонесите.

(5) Податоците за одобреното ослободување на дел од придонесите во претходниот месец согласно ставот (2) на овој член, Управата за јавни приходи ги доставува до Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 10-ти во месецот.

(6) Износот на одобреното ослободување на дел од придонесите не се исплаќа на обврзникот за осигуреникот за кој се бара ослободувањето.

(7) Начинот на пресметката на износот за ослободување и постапката за ослободување на дел од придонесите го пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за финансии.

Neni 7

(1) Obliguesi në përllogaritjen mujore për arkëtim të integruar, që e parashtron në Drejtorinë e të Hyrave Publike, për personin e siguruar për të cilin kërkon lirimin e një pjese të kontributeve, shënon shenjën e publikuar nga Drejtoria për të Hyra Publike.

(2) Drejtoria e të Hyrave Publike për obliguesin që kërkon lirimin e një pjese të kontributeve për të siguruarin, e verifikon plotësimin e kushteve nga nenet 4, 5 dhe 6 të këtij ligji.

(3) Nëse plotësohen kushtet nga nenet 4, 5 dhe 6 të këtij ligji, Drejtoria e të Hyrave Publike e zvogëlon shumën e detyrimit për kontributet sociale për shumën e lirimit të miratuar të një pjese të kontributeve.

(4) Nëse nuk plotësohen kushtet nga nenet 4, 5 dhe 6 të këtij ligji, Drejtoria e të Hyrave Publike nuk e miraton lirimin e një pjese të kontributeve dhe e informon të obliguesin për arsyen pse lirimi i një pjese të kontributet nuk është miratuar.

(5) Të dhënat për lirimin e miratuar të një pjese të kontributeve në muajin paraprak, në pajtim me paragrafin (2) të këtij neni, Drejtoria e të Hyrave Publike ia dorëzon Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale, më së voni deri më 10 të këtij muaji.

(6) Shuma e lirimit të miratuar të një pjese të kontributeve nuk i paguhet obliguesit për të siguruarin për të cilin kërkohet lirimi.

(7) Mënyrën e përllogaritjes së shumës së lirimit dhe procedurën për lirimin e një pjese të kontributeve e përcakton Ministri i Punës dhe Politikës Sociale në pajtim me Ministrin e Financave.

Член 8

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон вршат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии, секој во однос на одредбите од овој закон за прашањата за кои тие се надлежни согласно закон.

Член 9

Преодни и завршни одредби

Ослободување на дел од придонеси за зголемувањето на платите согласно овој закон, започнува да се применува со исплата на плата за месец јануари 2024 година.

Член 10

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон, ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Овој закон ќе се применува од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Neni 8

Mbikëqyrjen mbi zbatimin e dispozitave të këtij ligji e kryejnë Ministria e Punës dhe Politikës Sociale dhe Ministria e Financave, secila në lidhje me dispozitat e këtij ligji për çështjet për të cilat janë kompetente sipas ligjit.

Neni 9

Dispozitat kalimtare dhe përfundimtare

Lirimi i një pjese të kontributeve për rritjen e rrogave në përputhje me këtë ligj, fillon të zbatohet me pagesën e rrogës për muajin janar 2024.

Neni 10

Akti nënligjor, miratimi i të cilit përcaktohet me këtë ligj, do të miratohet brenda 15 ditëve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 11

Ky ligj do të zbatohet nga 1 janar 2024 deri më 31 dhjetor 2024.

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I.ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со член 1 се уредува предметот на Законот, односно дека тоа е уредување на висината и условите за ослободувањето од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување по основ на зголемување на платата.

Членот 2 ја дефинира целта на Законот а тоа е поттикнување на работодавачите да исплаќаат плата во повисок износ, намалување на даночната евазија и неформалната економија, а со цел подобрување на економскиот стандард на вработените и поттикнување на економскиот развој на Република Северна Македонија.

Со членот 3 се уредува значењето коеодделни изрази употребени во закон го имаат .

Членот 4 предвидува кој обврзник за уплата на придонеси може да го користи ослободувањето согласно овој закон и тоа оној кој:

− има статус на активен обврзник за пресметка и уплата на придонеси, односно не е во постапка на стечај или ликвидација или постапка на бришење согласно Законот за трговските друштва и

− нема доспеани обврски по основ на бруто-плата до денот на побарување на ослободување на дел од придонесите.

Членот 5 дефинира кој не може да оствари ослободување на дел од придонеси и тоа: орган на државна и на локална власт и други државни органи основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, институција која врши дејност од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како

ARSYETIM

I. ARSYETIMI I DISPOZITAVE TË PROPOZIM-LIGJIT

Neni 1 rregullon lëndën e ligjit, përkatësisht se rregullon masën dhe kushtet për lirim nga pagesa e një pjese të kontributeve të sigurimit të detyrueshëm social në bazë të rritjes së rrogës.

Neni 2 përcakton qëllimin e ligjit, i cili është inkurajimi i punëdhënësve për të paguar rroga më të larta, zvogëlimi i evazionit tatimor dhe ekonomisë joformale, me qëllim të përmirësimit të standardit ekonomik të punëtorëve dhe nxitjes së zhvillimit ekonomik të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Neni 3 rregullon kuptimin e disa shprehjeve të caktuara të përdorura në ligj.

Neni 4 përcakton se cili obligues për të paguar kontribute mund të përdorë lirimin sipas këtij ligji, përkatësisht ai që:

- ka statusin e obliguesit aktiv për përllogaritjen dhe pagesën e kontributeve, respektivisht nuk është në proces falimentimi ose likuidimi ose procedurë fshirjeje në përputhje me Ligjin për shoqëritë tregtare dhe

- nuk ka detyrime të papaguara mbi bazën e pagës bruto deri në datën e kërkimit për lirimin e një pjese të kontributeve.

Neni 5 përcakton se kush nuk mund të arrijë lirimin e një pjese të kontributeve, përkatësisht: organi shtetëror dhe i pushtetit lokal dhe organet e tjera shtetërore të themeluara në pajtim me Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe me ligj, institucioni që ushtron veprimtari në fushën e arsimit, shkencës, shëndetësisë, kulturës, punës, mbrojtjes sociale dhe mbrojtjes së fëmijëve, sportit, si dhe në veprimtari të tjera me interes publik të themeluara

агенции, фондови, јавни установи, јавни претпријатија и трговски друштва основани од Република Северна Македонија, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, приватна агенција за вработување за осигуреник кој е отстапен кај работодавач од алинејата 1 на овој член, обврзник кој за осигуреникот користи ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или данок на личен доход согласно закон или друг основ, за период додека ја користи мерката, односно ослободувањето, обврзник кој за осигуреникот за кој побарува ослободување на дел од придонеси му е доделена финансиска поддршка за нови вработувања согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции.

Членот 6 дефинира во која мера се врши ослободувањето од плаќање на придонеси, односно највисокиот износ.

Членот 7 ја уредува постапката за ослободување од плаќање на дел од придонесите, која се врши пред Управата за јавни приходи

Член 8 дефинира дека надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон вршат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии, секој во однос на одредбите од овој закон за прашањата за кои тие се надлежни согласно закон.

Членот 9 предвидува дека ослободување на дел од придонеси за зголемувањето на платите согласно овој закон, започнува да се применува со исплата на плата за јануари 2024 година.

Членот 10 го уредува рокот за донесување на подзаконскиот акт предвиден со Законот, а

Членот 11 периодот на примена на Законот кој ќе биде од од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Имајќи предвид дека се работи за нов закон кој уредува ослободување на плаќање на дел од

me ligj dhe të organizuara si agjenci, fonde, institucione publike, ndërmarrje publike dhe shoqëri tregtare të themeluara nga Republika e Maqedonisë së Veriut, komunat, qyteti i Shkupit dhe komunat në qytetin e Shkupit, agjenci private për punësim për personin e siguruar që është caktuar te punëdhënësi nga paragrafi 1 i këtij neni, obligues i cili për të siguruarin përdor përjashtimin nga pagesa e kontributeve nga sigurimi i detyrueshëm social dhe/ose tatimi mbi të ardhurat personale në përputhje me ligjin ose një bazë tjetër, për një periudhë gjatë përdorimit të masës, pra lirimit, një detyrim që për të siguruarin për të cilin kërkon lirimin i një pjese të kontributeve i është dhënë mbështetje financiare për punësime të reja në përputhje me Ligjin për mbështetjen financiare të investimeve.

Neni 6 përcakton masën në të cilën kryhet lirimi nga pagesa e kontributeve, pra shuma më e lartë.

Neni 7 rregullon procedurën e lirimit nga pagesa e një pjese të kontributeve, e cila kryhet pranë Drejtorisë së të Hyrave Publike.

Neni 8 përcakton se mbikëqyrjen mbi zbatimin e dispozitave të këtij ligji e kryejnë Ministria e Punës dhe Politikës Sociale dhe Ministria e Financave, secila në lidhje me dispozitat e këtij ligji për çështjet për të cilat janë kompetente sipas ligji.

Neni 9 parashikon që lirimi i një pjese të kontributeve për rritjen e pagave në përputhje me këtë ligj, fillon të zbatohet me pagesën e pagave për muajin janar 2024.

Neni 10 rregullon afatin për miratimin e aktit nënligjor të parashikuar me ligj, kurse

Neni 11, periudhën e zbatimit të Ligjit që do të jetë nga 1 janari 2024 deri më 31 dhjetor 2024.

II. LIDHSHMËRIA E NDËRSJELLË E ZGJIDHJEVE TË PËRFSHIRA NË DISPOZITAT E PROPOZUARA

Duke pasur parasysh se është një ligj i ri që

придонеси од задолжително социјално осигурување, пости поврзаност со Законот за придонеси од задолжтелно социјално осигурување.

rregullon lirimin e pagesës së një pjese të kontributeve nga sigurimi i detyrueshëm social, ekziston një lidhje me Ligjin për kontributet nga sigurimet shoqërore të detyrueshme.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон ќе се поттикнат работодавачите да исплаќаат плата во повисок износ, намалување на даночната евазија и неформалната економија, а со цел подобрување на економскиот стандард на вработените и поттикнување на економскиот развој на Република Северна Македонија.

## III. PASOJAT QË DO TË DALIN NGA ZGJIDHJET E PROPOZUARA

Propozim-ligji do të inkurajojë punëdhënësit që të paguajnë pagë më të lartë, të reduktojnë evazionin fiskal dhe ekonominë joformale, me qëllim të përmirësimit të standardit ekonomik të punëtorëve dhe nxitjes së zhvillimit ekonomik të Republikës së Maqedonisë së Veriut.